ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
А.бр.14/2024
Кочани

Врз основа на чл.37 ст.1 од Законот за јавнообвинителска служба ("Службен: веСник на Република Македонија" бр.62/15, бр.231/15 и бр.11/16) Основниот јавен обвинител на ОЈО Кочани, донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по пат на јавен оглас**

1 По јавниот оглас бр.1/2023 на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија за вработување на јавнообвинителски спужбеник во **Основно јавно обвинителство Кочани, на работно место В1 Јавнообвинителски советник за казнено право - 1 извршител,** врз основа на Предлог на кандидати од комисијата за селекција за вработување се избира:

**МАРКО ТОМОВСКИ**

2. Вработувањето, на избраниот кандидат од точка 1 на оваа одлука ќе се изврши по завршувањето на постапката и конечноста на одлуката.

**Образложение**

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија на 18.12.2023 година објави јавен оглас бр.1/2023 за вработување на јавнообвинителски спужбеник во **Основно јавно обвинителство Кочани, на работно место В1 Јавнообвинителски советник за казнено право - 1 извршител.**

По спроведената постапка за селекција за вработување, од страна на комисијата за селекција за вработување по јавен оглас бр.1/2023 е објавена ранг листа на предлог кандидати, со која за вработување во ОЈО Кочани за наведеното работно место, комисијата го предлага кандидатот Марко Томовски.

Од објавената ранг лист е видно дека единствен кандидат кој конкурирал на огласот е Марко Томовски, кој освоил вкупно 58,19 бода, односно потребните 60% од максималниот број бодови земени во предвид при рангирањето во сите претходни фази на постапката на селекција.

Врз основа на доставената ранг листа на предлог кандидати за вработување, Основниот јавен обвинител на Основно јавно обвинителство Кочани изврши избор на кандидат како во диспозитивот на оваа одлука.

Во рок од 5 дена од конечноста на Одлуката за избор, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија ќе донесе решение за вработување на јавнообвинителскиот службеник на неопределено време.

Оваа одпука за избор се објавува на веб страницата и на огласната табла на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жапба, преку Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, до Советот на јавнообвинителска служба, во рок од 8 дена од приемот на писменото известување за извршениот избор.

ОСНОВЕН ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ

Борче Јанев

Доставено до:
- Јавното обвинителство на Република Северна Македонија;
- Одделение за управување со човечки ресурси во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија ;
- избраниот кандидат;
- Архива на ОЈО Кочани